Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-692/4
30-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–692/1 од 13.09.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] во Куманово, за извршена дискриминација врз основа на социјално потекло и имотен статус и некоја друга основа, во областа на правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото, од страна на Собранието на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 30.10.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–692/1 од 13.09.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Куманово, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 13.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] во Куманово, против Собранието на Република Северна Македонија.

Кон претставката од подносителот беше приложена Иницијатива за оценување на уставност на членови од Закон за изменување и дополнување на Закон за облигационите односи и од Закон за изменување и дополнување на Закон за извршување, која била поднесена до Уставен суд на Република Северна Македонија, без било какво појаснување за причините за поднесување на претставката, основот за дискриминација, областа во која е извршена дискриминацијата, ниту детален опис на настанатот заради кој подносителот наоѓа дека е дискриминиран. Од овие причини од страна на Комисијата е побарано доуредување на претставката заведено под број 08-692/2, по што е доуредување е доставено и заведено под број 08-692/3.

Во доуредувањето на претсгавката се наведува дека Собранието на Република Северна Македонија на 18.07.2023 година донело Закон за изменување и дополнување на Закон за облигационите односи и Закон за изменување и дополнување на Закон за извршување со кои се уредува дека извршната постапка може да трае само десет години сметано од денот на поднесување на барањето за извршување – потоа ќе се смета за застарена односно побарувањето ќе се смета за застарено. Подносителот како


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

доверител во извршна постапка посочува дека на овој начин ќе се создадат две категории на граѓани и правни лица и тоа една која е привилегирана-должниците кои иако не ги извршувале своите обврски ќе бидат наградени зошто државата им ги простува долговите но не на товар на државата туку на товар на доверителите, а во втората категорија ги става доверителите кои ќе го понесат- како наведува – товарот на државното простување на долговите и за нив е тоа дискриминаторско по социјална и имотна основа и по основ на правната заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по прашањето кое е предмет на претставката, а земени предвид нејзините законски надлежности, таксативно утврдени со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во врска со предметното прашање Комисијата го упатува подносителот да се обрати до Министерството за правда како орган на државна управа во чија надлежност спаѓаат горенаведените закони, како и до Комора на извршители.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
30.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД